**20181643008**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ОСНОВАЊЕ НА АГЕНЦИЈА ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ВО ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО И РУРАЛНИОТ РАЗВОЈ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за основање на Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 3 септември 2018 година.

Бр. 08-5132/1
3 септември 2018 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
м-р **Талат Џафери,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ОСНОВАЊЕ НА АГЕНЦИЈА ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ВО ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО И РУРАЛНИОТ РАЗВОЈ

Член 1

Во Законот за основање на Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој („Службен весник на Република Македонија“ број 72/2007, 5/2009, 43/14, 193/15 и 39/16), членот 11 се менува и гласи:

„Со Агенцијата раководи директор.

Директорот на агенцијата има заменик.

Директорот и заменикот на директорот на Агенцијата ги именува и разрешува Владата на Република Македонија.

За именување на директор и заменик на директорот се објавува јавен оглас во три дневни весници кои се издаваат на целата територија на Република Македонија од кои еден од весниците се издава на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик.

За директор може да биде именувано лице кои ги исполнува следниве услови:

1) е државјанин на Република Македонија;

2) во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност;

3) има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен;

4) има најмалку пет години работно искуство;

5) поседува еден од следниве меѓународно признати сертификати или уверенија за активно познавање на англискиот јазик не постар од пет години:

- ТОЕФЕЛ ИБТ - најмалку 74 бода,
- ИЕЛТС (IELTS) - најмалку 6 бода,
- ИЛЕЦ (ILEC) (Cambridge English: Legal) - најмалку Б2 (B2) ниво,
- ФЦЕ (FCE) (Cambridge English: First) - положен,
- БУЛАТС (BULATS) - најмалку 60 бода или
- АПТИС (APTIS) - најмалку ниво Б2 (B2).

За заменик на директорот може да биде именувано лице кое ги исполнува условите наведени во ставот 5 на овој член.

Именувањето на директорот и заменикот на директорот се врши врз основа на неговата стручност и компетентност.

Мандатот на директорот и на заменик на директорот трае четири години.“.

Член 2

Во членот 12 став 3 по зборот „на“ се додаваат зборовите: „заменик на директорот и“.

По ставот 3 се додава нов став 4, кој гласи:

„Во случај кога директорот на Агенцијата е отсутен или кога поради болест и други причини не е во можност да ја врши својата функција го заменува заменик на директорот во рамките на доверените овластувања дадени од страна на директорот на Агенцијата.“.

Член 3

Во член 14 ставот 1 се менува и гласи:

„Директорот и заменик на директорот на Агенцијата за својата работа се одговорни пред Владата на Република Македонија, а во врска со користењето на средства од претпристапната помош на Европската Унија се одговорни и пред Националниот координатор за авторизација.“.

Член 4

Во членот 15 во воведната реченица по зборот „Директорот“ се додаваат зборовите: „и заменик на директорот“.

Член 5

Одредбите од членот 1 кој се однесуваат на исполнување на условот за поседување меѓународно признати сертификати или уверенија за активно познавање на англискиот јазик нема да се применуваат од денот на влегувањето во сила на овој закон до 31 декември 2018 година.

Член 6

Директорот и заменик на директорот кој е именуван во периодот од денот на влегувањето во сила на овој закон до 31 декември 2018 година, е должен да го исполни условот за познавање на странски јазик најдоцна во рок од една година од денот на неговото именување.

На директорот и заменик на директорот кој нема да го исполни условот за познавање на странски јазик во рокот утврден во ставот 1 на овој член му престанува мандатот.

Член 7

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.